РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - РЕПУБЛИКË Е МАКЕДОНИСË СË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 03-248/12
03.03.25 20 год.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVCE

Друштво за производство, трговија и услуги
ДЕКО-ИГИ-ТИМ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 02/2025
_____ 20____год.
с.Јегуновце, Јегуновце

РАМКОВНА СПОГОДБА ЗА ЈАВНА НАБАВКА СТОКИ

склучен на ден: _____е помеѓу:

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**, претставувана од градоначалникот, Димитар Костадиноски, во својство на договорен орган и
2. **Друштво за производство, трговија и услуги ДЕКО-ИГИ-ТИМ ДООЕЛ експорт-импорт с.Јегуновце, Јегуновце,** претставувана од управителот Горан Тофиловски,во својство на носител на набавката.

Член 1

Оваа Рамковна спогодба се склучува со еден економски оператор без повторно прибирање на понуди за јавна набавка на стоки - **Набавка на ситен материјал и други материјали за потребите на општина Јегуновце,** согласно спроведена постапка Набавка од мала вредност, со оглас бр. **01317/2025** 4 на ЕСЈН, врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05-248/2 од 04.02.2025 год. и Одлука за избор на понуда на страна во рамковна спогодба бр.05-248/9 од 12.02.2025 год. како и согласно прифатената понуда со листи на цени на Носителот на набавката која е составен дел на оваа Рамковна спогодба.

ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 2

Предмет на оваа Рамковна спогодба е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни шпо произлегуваат од јавна набавка на стоки: **Набавка на ситен материјал и други материјали за потребите на општина Јегуновце.**

ПОСТАПКА НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ ДОГОВОРИ

Член 3

Оваа Рамковна спогодба се склучува со еден економски оператор без повторно прибирање на понуди, со услови кои остануваат непроменети за целото времетраење на спогодбата. Носителот на набавката има обврска за склучување на поединечен договор врз основа на рамковната спогодба, односно ефект на договор ќе има налог, нарачка или слично доколку ги содржат суштествените елементи на договорот (согласно член 116 став 4 од Законот за јавни набавки). Поединелните договори за јавни набавки ќе се склучат пред истекот на рокот на рамковната спогодба.

Член 4

Носителот на набавката е должен да ја изврши испораката на стоките, предмет на оваа спогодба согласно предмер пресметка.

Член 5

Прифатената понуда на Носителот на набавката е составен дел од оваа спогодба.

ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 6

Вредноста на оваа рамковна спогодба заедно со вкупната вредност на сите поединечни договори што Договорниот орган ќе ги склучи со Носителот на набавката, врз основа на оваа Рамковна спогодба, во согласност со понудата со единечни цени на Носителот на набаката, а согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-248/2 од 04.02.2025 год год. изнесува 354.000,00 со вклучен ДДВ, односно 300.000,00 денари без пресметан ДДВ и ДДВ во износ од 54.000,00 денари.

Договорените единечни цени по позиции утврдени во прифатената понуда се составен дел на оваа рамковна спогодба и не може да се менуваат до истекот на рокот на важноста на рамковната спогодба.

Во цената се вкалкулирани трошоците за работа, транспорт, материјали и јавни давачки.

Описот на работите предмет на оваа Рамковна спогодба, определен во членот 2 од истата е утврден во прифатената понуда, која е составен дел на оваа Спогодба.

Единечните цени од предмер пресметката составен дел на прифатената понуда на страната на рамковната спогодба не можат да се зголемуваат.

При склучување на оваа рамковна спогодба цените кои што ги понудил во понудата се максимални за целото времетраење на рамковната спогодба.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Рамковната спогодба ќе се склучи до проценетата вредност на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.

НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 7

Договорниот орган Рамковната спогодба со еден економски оператор со услови кои ќе останата непроменети за целото времетраење на рамковната спогодба ќе ја реализира по добиен писмен налог, во рок даден не подолг од 2 дена од доставување на писмениот налог во кој ќе бидат дефинирани видот и количините на стоките согласно техничката спецификација дадена во прилог на оваа спогодба.

Ефект на договор ќе има налог, нарачка или слично доколку ги содржат суштествените елементи на договорот (согласно член 116 став 4 од Законот за јавни набавки).

Носителот на набавката е должен да ги испорача стоките, предмет на рамковната спогодба, сукцесивно согласно потребите на договорниот орган за цело времетраење на рамковната спогодба и согласно техничката спецификација дадена во прилог на спогодбата, по склучен поединечен договор или по добиен писмен налог од страна на Договорниот орган, во рок не подолг од 2 дена по добивање на истиот.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 8

Важноста на оваа рамковна спогодба е 1 (една) година од нејзиното склучување или до исцрпување на средствата предвидени за предметната набавка, но не подолго од 1 година од денот на склучување на спогодбата.

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган има право да определи стручно лице кое ќе врши координација помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката за целото времетраење на рамковната спогодба.

ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 10

Носителот на набавката се обврзува да изврши исправки по добиените забелешки од страна на Договорниот орган во рок од 1 (еден) ден од денот на добивање на забелешките, без право на посебен надоместок.

Доколку Носителот на набавката не постапи по забелешките доставени од страна на Договорниот орган, Догоорниот орган има право да не ја прифати испорачаната стока и да не изврши исплата на надоместокот утврден во договорот.

НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 11

Договорниот орган се обврзува да го изврши плаќањето по испорака на стоките - предмет на единечниот договор.

Начинот на плаќањето е во рок од 30 дена по доставување на фактура од страна на Носителот на набавката.

КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член12

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавката на поединечните договори го врши Договорниот орган, врз основа на потпишаниот единечен договор за јавна набавка, од овластени лица за договорните страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и кванититетот на стоките.

Договорниот орган има право поради нецелосно и неквалитетна испорака на стоките, односно неуредно исполнување на обврските од договорот да бара раскинување на истиот.

Договорниот орган има право поради неисправност или недостаток да бара бесплатно остранување на утврдените недостатоци или надомест на трошоци направени за отстранување на недостатоците, во спротивно има право на сразмерно намалување на цената или раскинување на договорот.

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Во случај на доцнење на испораката од страна на носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна на поединечните договори склучени врз основа на оваа рамковна спогодба ќе изнесува 1 промил од вкупната договорена цена на стоките секој ден задоцнување акостоките не бидат испорачани во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната договорена цена на поединечните договори.

Во случај кога испораката доцни, потребно е веднаш од страна на Договорниот орган по приемот на стоките да му врати на Носителот на набавката писмено известување дека договорниот орган го задржува правото на договорна казна.

Договорната казна треба да се исплати во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на писменото известување за договорна казна.

РАСКИНУВАЊЕ НА ЕДИНЕЧНИОТ ДОГОВОРОТ-РАМКОВНА СПОГОДБА

Член 14

Доколку Носителот на набавката не ги исполни своите обврски преземени од договорот согласно листата на цени од понудата составен дел на оваа спогодба и според правилата на струката, Договорниот орган има право да да ја раскине рамковната спогодба и да бара надомест на штета или да бара исполнување во дополнителен рок.

Доколку едната договорна страна ја раскине рамковната спогодба, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 2 (два) дена, од денот на констатирањето на непочитување на одредбите на рамковната спогодба.

Договорните страни се согласија дека во случај на едностарно раскинување на рамковната спогодба од страна на Носителот на набавката или неизвршување на неговите обрски, Договорниот орган има право на надомест на сите трошоци што се во врска со предметот на рамковната спогодба, како и на надомест на штета во висина од 20% од вкупната вредност на склучениот договор.

Член 15

Доколку Носителот на набавката не ја исполни обврската согласно условите од рамковната спогодба и според спецификација и прифатената понуда, Договорниот орган ќе го извести носителот на набавката дека ја раскинува рамковната спогодба.

Рамковната спогодба може да се раскине доколку Носителот на набавката не ги изврши испораките и во рокот предвиден во член 7 од рамковната спогодба, во случај на доцнење при извршување на два последователни налози, по основ на рамковната спогодба.

Доколку Носителот на набавката доцни со извршување, а неизвршувањето е последица на објективни околности за кои што Носителот на набавката нема вина, должен е да достави писмено известување за неможноста на извршувањето во рокот.

Известувањето од ставот 3 на овој член, треба да ги содржи причините за неможноста за извршување во рокот и барање за дополнителен рок за исполнување.

Доколку Договорниот орган утврди дека Носителот на набавката не е одговорен за неможноста за извршување во рок, писмено ќе го извести дека му остава дополнителен рок кој ќе биде определен во доставеното писмено известување, во зависност од претходно утврдениот рок за извршување, за извршување на конкретниот налог.

Доколку носителот на набавката не ги изврши испораките во дополнителниот рок од претходниот став, Договорниот орган ќе го извести Носителот на Набавката дека ја раскинува рамковната спогодба.

Доколку Договорниот орган по приемот на барањето за продолжување рокот за извршување, утврди дека Носителот на набавката е одговорен за неможноста за

извршување затоа што постапува несовесно, писмено ќе го извести дека ја раскинува рамковната спогодба.

Рамковната спогодба може да биде раскината и во случај доколку Носителот на набавката не постапи согласно укажувањата на Договорниот орган согласно член 12 од рамковната спогодба.

Во сите случаи на раскинување на рамковната спогодба од овој член, Договорниот орган нема да го плати износто на доставената фактура, а Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договориот орган.

Член 16

Во случај на непредвидени и објективни околности со кои се менуваат потребите на Договорниот орган, а кои настанале по склучување на рамковната спогодба и заради кои рамковната спогодба не може да се реализира, како и во случај на непредвидени промени во Буџетот на Договорниот орган, Договорниот орган има право да ја раскине рамковната спогодба.

Договорниот орган има право поради променети околности кои може да настанат по склучување на рамковната спогодба да ја раскине, доколку настапат околности што го отежнуваат извршувањето на испораката или ако не може да ја оствари целта поради која ја склучил рамковната спогодба.

Договорниот орган има право да ја раскине рамковната спогодба и поради вонреден настан (поплава, земјотрес, пожар, кризна стостојба, вонредна состојба, прогласување на заразна пандемија и сл.), кој се случил по склучување на рамковната спогодба, а пред пристигнување на услугата што не можел да се предвиди, а за кој не е одговорна ниту една од договорните страни.

Во случај на раскинување на рамковната спогодба заради некоја од околностите предвидени во овој член, Носителот на набавката има право да ги наплати доспеаните побарувања по основ на реализирани активности и доставени фактури од архивата на договорниот орган, до моментот на настанување на некоја од околностите од овој член од рамковната спогодба, утврдена како причина за раскинување на рамковната спогодба.

Договорниот орган по писмен пат ќе го извести Носителот на набавката за раскинување на рамковната спогодба заради некоја од околностите предвидени во овој член.

Во случаите од претходните ставови на овој член, договорните страни се согласни дека Носителот на набавката нема право на надомест на штетата и надомест на трошоци што се во врска во предметот на рамковната спогодба.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа веднаш писмено да ја извести другата договорена страна.

Член 17

Со писмено известување се смета дека договорот е едностран раскинат.

По раскинувањето на договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинување на договорот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Рамковната спогодба стапува во сила веднаш по нејзиното потпишување од страна на договорните страни.

Член 19

Договорните страни можат да ги дополнатили изменат одредбите од оваа спогодба само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувата и измените на овој договор се важечки, ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Рамковната спогодба може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки.

За се што не е регулирано со оваа Рамковна спогодба, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 20

Овааа рамковна спогодба е составена во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ДЕКО-ИГИ-ТИМ ДООЕЛ
Управител
Горан Тофиловски

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на огласот за доделување договор за јавна набавка на стоки - " **Набавка на стоки за ситен инвентар и други материјали** ", со спроведување на постапка набавка од мала вредност, преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: ДЕКО-ИГИ-ТИМ ДООЕЛ

I.2. Контакт информации

- Адреса:С.ЈЕГУНОВЦЕ, УЛ.101 БР.ББ 1215 ЈЕГУНОВЦЕ
- Телефон:078-381-382
- Факс: _____
- Е-пошта: tia__deko@hotmail.com_
- Лице за контакт: ГОРАН ТОФИЛОВСКИ

I.3. Одговорно лице: ГОРАН ТОФИЛОВСКИ

I.4. Даночен број: 4055014500760

I.5. ЕМБС: _6963013

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве работи:

1	2	3	4
Опис	**Единица мерка**	**Количина**	**Единечна цена без ДДВ**
1	**2**	**3**	**4**
Брава 6.5 см за патент клуч за внатрешна дрвена врата,непелтована	Парче	1	250

Брава 6.5 см за обичен клуч за внатрешна дрвена врата,непелтована	Парче	1	250
Брава за метална врата 2,5 cm	парче	1	260
Брава за метална врата4 cm.	парче	1	290
Брава за метална врата6.5 cm.	парче	1	250
Брава за метална врата8 cm.	парче	1	350
Цилинар за патент брава 30-30мм±1мм месинг	Парче	1	150
Универзална квака за цилиндер собна врата 90мм±5мм F4 или "еквивалентно"	Парче	1	300
Лопата мин.25/30 см со дрвена рачка должина од 115 до 120см,обем 3,5 до 4 см	Парче	1	320
Ашови со дрвени рачки со димензии висина 260-275мм и ширина 190-210мм тежина од 1100 до 1250 грама дрвена рачка со димензии од 105 до 135см	Парче	1	330
гребло, макс. 12 заба, должина 330 - 385mm, со дрвена рачка, должина 100-150cm	Парче	1	160
Мотика со дрвени рачки со димензии тежина од 700 до 1000 грама дрвена рачка со димензии од 95 до 115см, минимални димензии 280х260мм	Парче	1	590
Сор со дрвена рачка со 4 запци тежина од 900 до 1200 грама , должина 30-40см дрвена рачка со димензии од 130 до 140см	Парче	1	190
Бојлерче од 10л-20л (нискомонтажно, казан од пластика со изолација за зачувување на температурата на загреаната вода, снага околу 2000-2200W, со термостат	Парче	1	1400
Умивалник А класа од порцелан без чизма од 300мм до 500мм	Парче	1	1500
Сифон за умивалник ребраст пластичен ширина мин5/4":должина мин 60см	Парче	1	100
Црево армирано за мал бојлер 1/2"-3/8" од 40см до 45см	Парче	1	80
Казанче за тоалет капацитет на вода од 5,5л до 6л вода пластично ,нискомонтажно	Парче	1	1350
Топчест вентил ½" од метал DN15 PN40 или "еквивалентно"	Парче	1	200
Топчест вентил ¾" од метал DN20 PN40 или "еквивалентно"	Парче	1	254
градинарско црево 5/4	Метри	1	55
брза спојка за црево ¾", PVC, стоп вентил	Парче	1	30
градинарско црево за наводнување, PVC, ½ цол	Метар	1	30

градинарско црево за наводнување, PVC, ¾ цол	Метар	1	65
продолжен кабел, H05VV-F, 3x1.5mm, од мин. 3m со мин. три излези, 16A, 230 V	Парче	1	280
продолжен кабел, H05VV-F, 3x1.5mm, од мин. 5m со мин. пет излези, 16A, 230 V	Парче	1	300
Флуо цевки 20 W со грло T8, со минимум должина 60 цm	Парче	1	70
Флуо цевки 40 W со грло T8 со минимум должина 1.20 m.		1	100
стартер за флуоресцентна сијалица во вид на цевка, 4 - 22W	Парче	1	30
стартер за флуоресцентна сијалица во вид на цевка, 4 - 65W	Парче	1	30
трака за изолирање на електрични кабли, економична и со добар квалитет, изработена од винил, наменета за општа употреба; отпорна на триење, влага, алкали, киселини и променливи временски услови; тип на изолација PVC, мин. ширина 15 - 18mm, должина до 10m, мин. дебелина 0,13 - 0,15mm	Парче	1	25
утичница телефонски со 2 приклучока, вграден	Парче	1	80
утичница трофазна за во sид	Парче	1	110
Трофазен утикач-стандарден	Парче	1	90
Изолир трака мин должина 20м мин ширина 1,9см	Парче	1	25
Прекинувач за струја наизменичен за монтажа во sид обичен 220-240 V минимум16A,50 Hz	парче	1	80
Прекинувач за струја еднополен за монтажа во sид 220-240 V минимум 16A 50 Hz	парче	1	70
Приклучница(штекер) шуко монофазен со порцеланско јадро за монтажа во sид 220-240 V 16A 50 Hz	парче	1	70
Автоматски осигурувач од 16 А	парче	1	170
Автоматски осигурувач од 20 А	парче	1	170
Автоматски осигурувач од 25 А	парче	1	170
Правосмукалка, моќност мин.1600 W –, капацитет на вреќата минимум 2,5l, кабел со минимум должина 4,5метри, со додатоци (четка за под, пластика, телескопска метална цевка)	Број	1	4880
Кабел 2x1,5	Метри	1	33
Кабел 3x1,5	Метри	1	46
Кабел 3x2,5	Метри	1	70
Кабел 5x1,5	Метри	1	80
Ребрасто црево ф16	Метри	1	9

Ребрасто црево ф20	Метри	1	12
ВКУПНО			15754
ДДВ			2835.72
ВКУПНОСОДДВ			18589.72

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 15754 (петнаесет илјади и седумстопедесет и четири) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува _2835,72_.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Јегуновце 10.02.2025

Одговорно лице
(потпис) *

GORAN TOFILOVSKI

Digitally signed by GORAN TOFILOVSKI
Date: 2025.02.10 19:00:42 +01'00'

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*